Врз основа на член 7 став 1 од Законот за рестриктивни мерки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 190/17), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 февруари 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2019/1721 на Советот од 14 октомври 2019 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 за рестриктивни мерки против ИСИС (Даеш) и Ал-Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти кои се поврзани со нив**

**Член 1**

Со оваа одлука се воведуваат рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2019/1721 на Советот од 14 октомври 2019 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 за рестриктивни мерки против ИСИС (Даеш) и Ал-Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти кои се поврзани со нив.

**Член 2**

Оваа одлука се однесува на следниве видови рестриктивни мерки:

- ембарго на оружје,
- ембарго на стоки и услуги,
- финансиски мерки и
- забрана за влез во Република Северна Македонија

**Член 3**

Се определуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за економија, Министерството за надворешни работи, Министерството за транспорт и врски и Министерството за финансии-Управа за финансиско разузнавање за надлежни органи за спроведување на рестриктивните мерки.

**Член 4**

Одлуката (ЗНБП) 2019/1721 на Советот од 14 октомври 2019 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 за рестриктивни мерки против ИСИС (Даеш) и Ал-Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти кои се поврзани со нив во оригинал на англиски и во превод на македонски јазик е дадена во прилог и е составен дел на оваа одлука.

## Член 5

Рестриктивните мерки против ИСИС (Даеш) и Ал-Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти кои се поврзани со нив ќе се применуваат до 31 октомври 2020 година.

## Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 44-883/1
**10 февруари 2020 година**
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА

**Оливер Спасовски**

# COUNCIL DECISION (CFSP) 2019/1721

## of 14 October 2019

## amending Decision (CFSP) 2016/1693 concerning restrictive measures against ISIL (Da'esh) and Al-Qaeda and persons,groups, undertakings and entities associated with them

THE COUNCIL OF THE EUROPEAN UNION,

Having regard to the Treaty on European Union, and in particular Article 29 thereof,

Having regard to Council Decision (CFSP) 2016/1693 of 20 September 2016 concerning restrictive measures against ISIL (Da'esh) and Al-Qaeda and persons, groups, undertakings and entities associated with them and repealing Common Position 2002/402/CFSP [1],

Having regard to the proposal of the High Representative of the Union for Foreign Affairs and Security Policy,

Whereas:

(1) On 20 September 2016, the Council adopted Decision (CFSP) 2016/1693.

(2) The restrictive measures set out in Article 2(2) and Article 3(3) and (4) of Decision (CFSP) 2016/1693 apply until 31 October 2019. On the basis of a review of that Decision, the restrictive measures should be extended until 31 October 2020.

(3) One person should be removed from the list of persons, groups, undertakings and entities in the Annex to Decision (CFSP) 2016/1693.

(4) Decision (CFSP) 2016/1693 should therefore be amended accordingly,

HAS ADOPTED THIS DECISION:

*Article 1*

In Article 6 of Decision (CFSP) 2016/1693, paragraph 5 is replaced by the following:

'5. The measures referred to in Article 2(2) and Article 3(3) and (4) shall apply until 31 October 2020.'.

*Article 2*

The Annex to Decision (CFSP) 2016/1693 is amended as set out in the Annex to this Decision.

*Article 3*

This Decision shall enter into force on the day following that of its publication in the *Official Journal of the European Union*.

Done at Luxembourg, 14 October 2019.

*For the Council*
*The President*
F. MOGHERINI

---

[1] OJ L 255, 21.9.2016, p. 25.

*ANNEX*

The following person, and the related entry, are removed from the list set out in the Annex to Decision (CFSP) 2016/1693:

1. Fabien CLAIN (a.k.a. Omar).

**ОДЛУКА (ЗНБП) 2019/1721 НА СОВЕТОТ**

**од 14 октомври 2019 година**

**за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 за рестриктивни мерки против ИСИС (Даеш) и Ал-Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти кои се поврзани со нив**

СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

имајќи го предвид Договорот за Европска Унија, а особено член 29 од истиот,

имајќи ја предвид Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 на Советот од 20 септември 2016 година за рестриктивни мерки против ИСИС (Даеш) и Ал Каеда и лица, групи, претпријатија и субјекти кои се поврзани со нив и за укинување на Заедничкиот став 2002/402/ЗНБП ([1]),

имајќи го предвид предлогот на Високиот претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика,

со оглед на тоа што:

(1) На 20 септември 2016 година, Советот ја донесе Одлуката (ЗНБП) 2016/1693.

(2) Рестриктивните мерки утврдени во член 2(2) и член 3(3) и (4) од Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 се применуваат до 31 октомври 2019 година. Врз основа на преглед на таа одлука, тие рестриктивни мерки треба да се продолжат до 31 октомври 2020 година.

(3) Треба да се отстрани едно лице од списокот на лица, групи, претпријатија и субјекти во анексот кон Одлуката (ЗНБП) 2016/1693.

(4) Затоа, Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 треба соодветно да се измени,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА ОДЛУКА:

Член 1

Во член 6 од Одлуката (ЗНБП) 2016/1693, став 5 се заменува со следново:

„5. Мерките наведени во член 2(2) и член 3(3) и (4) се применуваат до 31 октомври 2020 година.“.

Член 2

Анексот кон Одлуката (ЗНБП) 2016/1693 се изменува како што е утврдено во анексот кон оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила следниот ден од денот на нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската Унија.*

Луксембург, 14 октомври 2019 година.

*За Советот*

*Претседател*

---

[1]Сл. весник L255, 21.9. 2016 година, стр. 25.

Ф. МОГЕРИНИ

# АНЕКС

Следното лице и поврзаниот внес се отстранети од списокот даден во анексот кон Одлуката (ЗНБП) 2016/1693:

1. Фабиен КЛАИН (Fabien CLAIN) (познат како Омар (Omar)).